КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА ...
Бр. 03-068/9
10.06.…6
СКОПЈЕ

**Комора на проценувачи на Република Македонија**
**ул.Македонија бр 47/2, 1000**
**Сметка бр.300000003545580**
**Комерцијална банка**
**Даночен број: 4057013520328**
**тел;072/251-407; 02 3151 477**
**емаил: info@komoranaprocenuvaci.mk**
**web: www.komoranaprocenuvaci.mk**

Комисијата за ревизија на процена на транспортни средства формирана со решение број 03 – 374/1 од 28.04.2016 година решавајки по барањето поднесено под број бр.04-068/1 од 02.02.2016 година на Друштво за производство транспорт шпедиција услуги и трговија ТРАНСПОРТ ВАНО ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци за ревизија на Извештај за процена на вредноста на транспортни средства товарни моторни возила изготвена од овластениот проценувач Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци со бр.05/2 од 04.01.2016 година, за потребите на Извршител Драган Кочовски од Велес , врз основа на чл.40 став 3 алинеја 6 од Законот за процена (Службен весник на Република Македонија бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16) донесе:

## РЕШЕНИЕ

Не се утврдува повреда на професионалните стандарди од страна на овластениот проценувач Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци утврдена во член 40 од Законот за процена.

## Образложение

Барателот Друштво за производство транспорт шпедиција услуги и трговија ТРАНСПОРТ ВАНО ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци достави барање за ревизија на проценка (бр. 04-068/1 од 02.02.2016 година) на Извештај за процена на вредноста на транспортни средства товарни моторни возила со број на извештајот 05/2 од 04.01.2016 година, изработен од овластениот проценувач Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци, по предмет на Извршител Драган Кочовски од Велес.
Процената е оспорена поради непочитување на стандардите за процена.
По целосно разгледување на доставената документација во прилог на барањето за вршење на ревизија и имајќи ги во предвид коментарите во однос на изработениот Извештај, Комисијата за ревизија го констатираше следното:

Овластениот проценувач во изготвувањето на проценката ја користел целокупната документација со која располагал и користел податоците од каталогот Shwake, сајтот www.mobile.de,Pazar 3.

При разгледување на табеларниот дел од проценката констатирано е дека стапката на амортизација на возилата е правилно применета, имајки предвид дека процената е вршена за состојба на возилата утврдена само од достапната документација.

По разгледување на барањето за ревизија на проценка, Комисијата констатираше дека овластениот проценувач Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци ја почитувал важечката методологија за процена на транспортни средства и процената ја изготвил согласно елементите од соодветни табеларни прикази од методологијата полагајќи верба во податоците кои му биле достапни, односно дека нема непочитување на стандардите за процена..

Согласно член 40 став 4 од Законот за процена Комисијата за ревизија утврди дека трошоците за ревизија на процената потребни за работа на комисијата и изготвување на материјали се на товар на лицето подносител на барањето за ревизија на процена.

Претседател на Комисија за ревизија

Бранко Чурилов

КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ